USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

AgBiz Program

Август 16, 2010
+389 (0)2 321-7060/115
Email: nstankovic@agbiz.com.mk

## Македонски произведувачи и извозници на свежи земјоделски производи на бизнис мисија во Хрватска и Словенија за враќање на пазарите

АгБиз програмата на УСАИД организира шест дневно студиско патување и бизнис со бизнис средби во Хрватска и Словенија за десет македонски извозници на свежи производи, кое се одржува од 16 до 22 август 2010 година. Учесници се  Агро Скопје Комерц, АД Венец, Душан Чириќ, ИН-Јовановски, Ана-Мак, CVCS, Интермак, Агро Виножито, Виви Пром и Плоштово.

Ланецот на додадена вредност за свежо овошје и зеленчук, игра многу важна улога во македонскиот агробизнис и претставува значаен дел на севкупниот земјоделски извоз. Во минатото, речиси целиот извоз од овој ланец одел на бившите југословенски пазари, каде производите од Македонија уживале добар углед, бидејќи се природни и со одличен вкус. Но, во последната деценија, како што овие традиционални пазари станаа пософистицирани и отворени за конкуренција, македонските производи почнаа да го губат својот удел на пазарот и сега се борат да го задржат.

Овој предизвик е главно заради недостигот на  знаење и способност, на македонските извозници, да одговорат на променливите барања на пазарот и трендовите. Денес, повеќето македонски свежи производи се извезуваат рефус, за што има помала побарувачка, а многу повеќе се бараат свежи продукти кои имаат додадена вредност. Затоа, подобрување на продуктивноста на продуктите на самата нива, унапредување на ракувањето на продуктите по берба,  диверзификација на пазарот, логистичка организација на целокупниот сектор, се потребните предуслови за повторното освојување на овие пазари и обезбедување на долгорочен раст на извозот.

За да им помогне да ја остварат оваа цел, АгБиз за претставниците на ланецот на свежо овошје и зеленчук, организира студиско патување за посета и бизнис со бизнис состаноци во Хрватска и Словенија. Студиското патување ќе им помогне на учесниците да видат како фирмата Агро Зона и останатите фирми од пазарот на големо во Ријека од Хрватска набавуваат продукти. Учесниците исто така ќе го посетат ланецот на супермаркети Плодине, ќе се сретнат со потенцијалните купувачи во Хрватска, за да се идентификуваат можностите за воспоставување на долгорочна соработка за снабдување на свежи производи за продажните центри на големо Era-Good и синџирот на хотели Sava group во Словенија.

„Оваа студиско патување ќе им помогне на македонските извозници на свежо овошје и зеленчук да ги истражат можностите за воспоставување на нови продажни канали во Хрватска и Словенија, и на крајот да се направат договори со потенцијални нови купувачи за долгорочно снабдување со свежи производи наменети за овие два важни пазари“, рече Ловре Ристевски, менаџер на АгБиз за ланец на вредности за свежо овошје и зеленчук и пристап до финансии**.**

До денес, АгБиз обезбеди поддршка на 180 компании од агрибизнисот, на 26 организации на производители и четири трговски здруженија; обучи над 1.307 лица; помогна на компаниите од агробизнисот да потпишат нарачки за извоз во вредност од  10.8 милиони евра и помогна на 39 компании од агробизнисот да идентификуваат финансирање во вредност од 7 милиони американски долари. За повеќе информации, посетете ја: www.agbiz.com.mk.

ЗАБЕЛЕШКА ДО УРЕДНИЦИТЕ:
Американскиот народ, преку УСАИД, има инвестирано преку 500 милиони долари во Македонија започнувајќи од 1993 година. УСАИД имплементира проекти кои креираат работни места, ја намалуваат корупцијата и ги подготвуваат македонските студенти во иднина да станат подготвена работна сила. Овие иницијативи го подобруваат квалитетот на животот и ја поддржуваат македонската транзиција кон стабилна и просперитетна демократија. УСАИД обезбедува економска и хуманитарна помош во преку 100 земји. За повеќе информации, посетете ја веб страната: http://macedonia.usaid.gov